Република Северна Македонија
Министерство за информатичко општество и администрација
Бр. 11/1-460/25
20.07.2020 год.
Скопје

2

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ИНФОРМАТИЧКО ОПШТЕСТВО И АДМИНИСТРАЦИЈА
MINISTRIA E SHOQËRISË INFORMATIKE DHE ADMINISTRATËS
Бр.-Nr. 11/1-460/25
20.07 20 20 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

# Записник од деветтата седница на Националната канцеларија за бродбенд компетентност (НКБК)

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Место на одржување** | Online електронска седница | | |
| **Датум** | 22.06.2020 година | **Време** | 14:00 – 16:00 часот |
| **Бр. на седница** | Деветта седница | | |
| **Состанокот го води** | Димитар Буковалов, претседател на НКБК | | |
| **Учесници** | **Поканети:**<br>1. Димитар Буковалов – претседател на НКБК<br>2. Анастас Мишев – зам.претседател<br>3. Боро Јакимовски – член на НКБК<br>4. Сашко Мукаетов – член на НКБК<br>5. Зоран Дервишов – член на НКБК<br>6. Славица Настеска – член на НКБК | **Присутни:**<br>1. Димитар Буковалов – претседател на НКБК<br>2. Анастас Мишев – зам.претседател<br>3. Боро Јакимовски – член на НКБК<br>4. Сашко Мукаетов – член на НКБК<br>5. Зоран Дервишов – член на НКБК<br>6. Славица Настеска – член на НКБК | |
| **Други присутни на состанокот** | независни експерти (Сашко Стојковски, Зоран Мурџев и Милан Николовски) | | |
| **Логистичка поддршка** | Владимир Соколов, МИОА<br>Мишко Талески, МИОА | | |

## ДНЕВЕН РЕД

1. Усвојување на записникот од седницата на НКБК одржана на 28.05.2020 година ;

2. Усвојување на Измените на Образецот за формата и содржината која треба да ја содржи Извештајот за развој на бродбенд пазарот согласно DESI ;

3. Извештај од учество на одржан ITU вебинар на тема: Towards Strengthened Impact of ICTs on Economic Development in Europe

4. Разно

## БЕЛЕШКИ

Деветтата седница која се одржа online ја отвори претседателот на НКБК, Димитар Буковалов, кој утврди дека се присутни сите членови на НКБК, со што телото може полноважно да одлучува.

На почетокот на седницата беше утврден предложениот дневен ред, кој едногласно беше усвоен.

**За првата точка од дневниот ред,**

Во однос на првата точка, членовите на НКБК го усвоија записникот од осмата седница, одржана на 28.05.2020 година.

**За втората точка од дневниот ред**

Во однос на втората точка, членот на НКБК, Славица Настеска, накратко појасни дека измените на Образецот за формата и содржината која треба да ја содржи Извештајот за развој на бродбенд пазарот согласно DESI, се предлагаат со цел да се направи реорганизирање на податоците за да се овозможи поедноставна компарација на податоците за индикаторот „покриеност" за РСМ со соодветните на државите од ЕУ. Претседателот на НКБК, Димитар Буковалов, ги стави на гласање измените на Образецот.

**Заклучок** : Членовите на НКБК едногласно ги усвоија измените на Образецот за формата и содржината која треба да ја содржи Извештајот за развој на бродбенд пазарот согласно DESI.

Измените писмено ќе бидат доставени до министерот за информатичко општество и адинистрација, а ќе бидат поставени и на веб страната на Националната канцеларија за бродбенд компетентност (НКБК).

**За третата точка од дневниот ред**

Во однос на третата точка, Славица Настеска се осврна на одржаниот ITU-D вебинар на тема: Towards Strengthened Impact of ICTs on Economic Development in Europe. На вебинарот била презентирана - ITU-публикацијата „The economic contribution of broadband, digitalization and ICT regulation", според која клучни се следните показатели: мобилниот бродбенд има поголем придонес во економијата од фиксниот бродбенд, фиксниот бродбенд расте со развојот на економијата и дека земјите во развој (како што е нашата) треба да го забрзаат развојот на мобилниот бродбенд. Таа информираше дека на вебинарот земале учество и претставници од регулаторното тело на Грузија, кои го презентираа својот проект за развој на рурален бродбенд, претставници на министерството за научнотехнолошки развој, високо образование и информатичко општество на Србија, кои го презентираа започнувањето на проектот за мапирање на покриеноста и користењето на фиксниот бродбенд.и претставници на министерството за информатичко општество на Албанија, кои ја презентираа тековната состојба на бродбенд политиките во својата држава.

На настанот свое обраќање имал и министерот Дамјан Манчевски, кој ја презентирал постојната состојба во Македонија, при што потенцирал дека државата е на добар утврден пат во споредба со земјите од регионот. Тој го презентирал Националниот оперативен бродбенд план, тековната состојба со покриеност со бродбенд, а особено ја потенцирал и значајноста од воспоставувањето на НКБК и она што до сега е сработено од страна на телото.

**Во рамките на точката разно,** претседателот на НКБК, Димитар Буковалов, информира дека на 23 јуни ќе се одржи презентација за Националната ИКТ стратегија, која се подготвува со помош на надворешни експерти од ЕУ, на која се поканети и членовите на НКБК. Тој истакна дека последната верзија на Националната ИКТ стратегија на членовите на НКБК пред седницата им била доставена.

Членот на НКБК, Анастас Мишев укажа дека има забелешки за содржината на стратегијата, не само од аспект на работењето на НКБК, туку и од аспект на академската заедница.

На тоа се надоврза Сашко Мукаетов, кој од своја страна потенцира дека стратегијата треба да биде неутрална и објективна, не треба да биде обемна, туку да даде одговор на прашањата каде сме и каде сакаме да бидеме. Тој додаде дека стратегијата не содржи речиси ништо за образованието и е насочена само на развојот на ИКТ во јавниот сектор, но не и на приватниот сектор.

Славица Настеска предложи НКБК да побара од националните координатори на стратегијата состанок за да се дискутираат прашањата за кои членовите на НКБК укажаа дека имаат забелешки.

**Заклучок** : НКБК едногласно го усвои предлогот после презентацијата на Националната ИКТ стратегија да се оствари состанок со координаторите на стратегијата.

Во продолжение на седницата, Буковалов информираше за онлајн состанокот на министерот Дамјан Манчевски со директорите на ЈП Македонска радиодифузија и Агенцијата за електронски комуникации.

**На состанокот биле утврдиле активностите кои требаат да ги преземат АЕК, ЈП МРД и МИОА и до крајот на октомври/ноември да ги завршат**, со цел подготовка на Студијата за изводливост на НТОМ, согласно НОБП.

Имено, АЕК треба во најскоро време да започне (во соработка со МИОА, ЈП МРД и НКБК):

1. Ревидирање на белите, сивите и црните зони во државата
2. Мапирање на користењето на услугата пристап до интернет на ниво на населено место
3. Инсталирање на најновата орто-фото мапа на Единствената Точка за Информации (ЕТИ)
4. На ЕТИ да се направи update на информациите од операторите за:
    - Нивна слободна кабелска канализација која доколку е потребно ќе може да се изнајмува од страна на ЈП МРД за изградба на НТОМ
    - Нивни слободни оптички влакна кои доколку е потребно ќе може да се изнајмуваат од страна на ЈП МРД за изградба на НТОМ .

Обврски кои треба да ги дозаврши ЈП МРД (во соработка со АЕК, МИОА, и НКБК)

1. Да се заврши мапирањето на јавни институции (вклучително училишта, универзитети) и нивно поставување на ГИС платформа ;
2. Да се заврши мапирањето на бесплатни WiFi точки и нивно поставување на ГИС платформа ;
3. Да се заврши мапирањето/анализата на постојната оптичката инфраструктура во државата изградена со јавни средства и можно нејзино користење за изградба на НТОМ, како и нивно поставување на ГИС платформа.

МИОА треба да обезбеди превод на предлог Препораките за поставување на кабелска канализација финансирана со јавни средства, како и користење на постоечка кабелска канализација, усвоени од НКБК.

Славица Настеска го покрена прашањето за т.н "семафор" кој треба да се постави на веб страната на НКБК, како и за индикаторот кој се однесува на 5G спремност. Таа нагласи дека согласно информациите кои ги има веќе се отпочнати 5G тестирања од страна на двата мобилни мрежни оператора за кои се добиени соодветни дозволи од АЕК за користење на соодветни радиофреквентни опсези, и дека тие информации се потребни за да се утврди ДЕСИ индикаторот за 5G спремност.

**Заклучок**: НКБК да подготви допис до АЕК, со цел да обезбедат информации за 5G спремноста како составен дел на DESI индикаторите.

На крајот на состанокот Зоран Дервишов извести дека орто фото снимката веќе е поставена на платформата на Агенцијата за електронски комуникации (АЕК), која ќе биде од корист и на АЕК и на Македонската радиодифузија. Останува да се дефинираат приоритетите за пристап до податоците од неа.

Во однос на поставување на семафор на веб-страната на НКБК се отвори дискусија во однос на тоа што семафорот треба да прикажува т.е дали ќе го прикажува достигнувањето на националните бродбенд таргети (утврдени во НОБП), разликата во однос на просечните вредности на ДЕСИ индикаторите во ЕУ или и двете.

Заклучоци :

- од страна на МИОА на веб страната на НКБК да се поставaт националните бродбенд таргети,
- МИОА да подготви предлог-семафор и истиот да се достави до членовите на НКБК за дискусија, како би можело на некој нареден состанок да се донесе конечна одлука,
- Боро Јакимовски да постави одредени графикони (од првиот Извештај на НКБК) и да оствари соработка со колеги од економскиот сектор во врска со утврдувањето на Ценовниот индекс на бродбенд.
-

Записникот го водеше
Претседател на НКБК

**Димитар Буковалов** ______________